Синдикална минимална кошница за месец август 2025 година

Вредноста на синдикалната минимална кошница за месец август 2025 година изнесува 65 507,00 денари, споредена со вредноста на синдикалната минимална кошница за месец јули 2025 год. која изнесува 65 328,00 денари е зголемена за 179,00 денари. Со изнајмен стан од 60 квадрати за месец август изнесува 80 882,00 денари.

Структура на новата СМК за месец август 2025 година

	Месечно по домаќинство	Структура во проценти
01 Храна и пијалаци	24.064	36,7
02 Облека и обувки	5.597	8,5
03 Станарина, вода, електрична енергија, и греење	6.096	9,3
04 Лична хигиена и оддржување на хигиена во домот	2.544	3,9
05 Здравје	1.185	1,8
06 Транспорт	4.684	7,2
07 Комуникации	3.417	5,2
08 Рекреација и култура	5.592	8,5
09 Образование	7.097	10,8
10 Ресторани и хотели	4.131	6,3
11 Останати стоки и услуги	1.100	1,7
Вкупно СМК	**65.507**	**100,0**

03.	Станарина, вода, електрична енергија и греење (со изнајмен стан 60м2)	21.471	
Синдикална минимална кошница вкупно:		80.882	100 %

Вредноста на Синдикалната минимална кошница за храната и пијалоци, за оние 63 производи кои ги следи Синдикалната минимална кошница за август 2025 изнесува 24.064,00 денари споредена со јули 2025 година (23 682,00 денари) е зголемена за 382,00 денари, кај облеката и обувките е намалена за 114,00 денари, кај лична хигиена има намалување од 73,00денари и кај транспортот е намалена за 16,00 денари .

Од податоците на синдикалната минимална кошница евидентно е дека откако завршија активните владините мерки, вредноста на синдикалната минимална кошница е зголемена за 2.816,00 денари односно за 4,49 %, додека кај храната и пијалоците има зголемување за 2.584,00 денари односно за 12,09% .